**ГРАДИЗАМ**
17.02.2006- 24.02.2006
куратори: **Елена Велјановска, Христијан Панев** и **Борис Петровски**
уметници: **Неда Фирфова, Антонио Димитров** и **Борис Петровски**

**Press to exit** project space
**Максим Горки 19, Скопје, Македонија**
**http://www.pro-helvetia.org.mk/presstoexit**
**http://www.citism.tk**

Концептот за проектот Градизам се разви како дел од кураторската работилница која се одржа во јуни 2005, предводена од **Башак Шенова**. Шенова престојуваше во Скопје како резидент куратор во рамките на програмата **Иницијатива за кураторски гостувања** на **Press to exit** project space. Во продолжение концептот се реализира преку изложбата Градизам во склоп на програмата **Нови Проект Продукции** на **Press to exit** project space. Башак Шенова соработуваше на овој проект како кураторски консултант. Оваа програма која овозможува развој на уметнички и кураторски практики во Македонија, ги потпомага локалните куратори и уметници во развивањето на нивните проекти.

Проектот Градизам, куриран од **Елена Велјановска, Христијан Панев и Борис Петровски** претставува обид, преку одредувањето на кодот на урбаниот јазик да се откријат специфичните карактеристики на градот **Скопје**. Уметниците кои се дел од проектот, ги развиваа нивните истражувања низ разни форми на изразување, користејќи го и анализирајќи го графичкиот јазик, проектирајќи просторни интервенции и обработувајќи го звукот. Секоја од овие форми се залага да ги опфати специфичните сегменти на градскиот живот. Графичките дела на **Неда Фирфова** се сместени во галерискиот простор, додека **Борис Петровски** со надворешна инсталација се претставува пред галеријата. **Антонио Димитров** преку инсталација на звук ги интегрира надворешните и внатрешни влијанија.

Сам по себе, овој проект, во настојувањето да ги опфати тековните и повеќестрани градски амбиенти, ги спојува различните изразни форми во градскиот контекст.

*#1 - **Неда Фирфова** (1981)* дипломирала на Факултетот за ликовни уметности, Скопје - отсек графика. Работи како графички дизајнер, но истотака ја употребува графиката во нејзините дела. Живее во Скопје, има освоено интернационални награди за дизајн.

***клучни зборови** - ведрина, сигурност, изолација, различност, промена, непослушност, суптилност, херметична атмосфера.*
***прашање** - како градот влијае на мене?*

*#2 - **Борис Петровски** (1975)* дипломирал на Академијата за ликовни уметности, Скопје. Покрај работата на различни проекти, тој дизајнира и платна - декор за транс журки. Живее во Скопје, учествувал на повеќе изложби во Македонија и пошироко.

***клучни зборови** - дисторзија, трансформација, надворешност, внатрешност, забава, перцепција, огледување, движење.*
***прашање** - како јас можам да влијаам на градот?*

*#3 - **Антонио Димитров** (1980)* студира филозофија во Скопје. Создава експериментални звучни инсталации и перформанси. Настапувал повеќепати на фестивали како *club transmediale (Berlin), ctrl_alt_del (Istanbul) i Ljubljana Progress Festival.*

***клучни зборови** - noise, перцепција, свесност, звук, дневен живот, улица, метеж.*
***прашање** - каков е звукот на градот и како реагираме на него?*